

Минатата недела, во своите канцеларии во Вашингтон, Обединетата Македонска Дијаспора беше домаќин на вечера во чест на новоодобрениот американски амбасадор во Македонија, Кејт Мари Брнз. Амбасадорката и заменичката кој ќе допатуваат во Македонија следниот месец, Џенифер Џеј Ар Литлџон, присуствуваа на вечерата заедно со истакнати гости, членови и поддржувачи на ОМД.

Меѓу гостите присуствуваа претставници од различни индустрии, од кои сите имаат силни врски со Македонија, или преку потекло или преку инвестирање во Македонија. Преставените индустрии вклучуваат управување со отпад и заштита на животната средина, увоз на македонски производи, македонска технолошка компанија, македонска здравствена компанија, авто-преработувачка индустрија, финансиска индустрија, правна индустрија и фармацевската индустрија. Присутните имаа можност да го искажат своето несогласување со позицијата на САД за името на Македонија и Преспанскиот договор.

Вечерата вклучуваше традиционална македонска кујна и македонски вина од Стоби и Тиквеш. По приемот, отворивме дискусија каде гостите и амбасадорката можеа да имаат поформална дискусија за Македонија и нејзините планови откако ќе го започне својот мандат како и улогата на Македонската Дијаспора.





